ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 30-293/8

Дата:12.04.2012

ДО
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Кисела Вода за 2010 година.

При ревизијата беа разгледани и препораките дадени во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Кисела Вода за 2006 година. За реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва. Утврдено е дека од дадените пет препораки четири се спроведени, а една делумно е спроведена.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е негативно мислење.

Во сметководствената евиденција и во финансиските извештаи за 2010 година на Општина Кисела Вода, искажани се состојби кај материјалните средства кои според документацијата од Агенцијата за катастар на недвижности не се сопственост на општината.

Во текот на 2010 година исплатен е вкупен износ од 9.143 илјади денари по основ на привремени вработувања за лица ангажирани во општинската администрација. Ангажирењето на лица преку агенции за привремени вработувања, кое не е во согласност со Законот за агенции за привремени вработувања, остава простор за субјективно одлучување при вработувањето и не обезбедува фер конкуренција.

За здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации и физички лица исплатени се средства од буџетот на Општината во износ од 1.997 илјади денари. Средствата се доделени за финансирање на активности и плаќање на трошоци за превоз. Средствата се исплаќани врз основа на поднесени поединечни барања, без објавување на оглас за доделување на средствата. Организациите, односно културно уметничките друштва не доставиле деловен и финансиски извештај за реализација до надлежните во општината, а на веб страната на општината не се објавени организациите кои добиле средства, како и намената и целта за кои се доделени средствата.

Вршени се набавки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, без изготвена поедноставена тендерска документација, утврдени технички спецификации и потребни количини, вкупната вредност на склучените договори изнесува 11.356 илјади денари.

Кај ограничената постапка од 2010 година и отворените постапки спроведени во 2009 година вршен е избор и склучени се договори со економските оператори без јасно и транспарентно објавени критериуми за бодирање.

За надминување на утврдените состојби од страна на ревизијата се дадени препораки до надлежните органи на Општина Кисела Вода.

Од страна на раководното лице на општината добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани дел не се прифатени од причина што не се доставени нови релевантни докази кои би имале влијание за промена на констатираните состојби а дел претставуваат информирање за преземените мерки за надминување на утврдените состојби кое соодветно е обелоденето во Конечниот извештај. Забелешките на точка 4.4.1. алинеја 3, поради дополнително доставени докази кои за време на ревизијата не ни беа презентирани се прифатени и истата се брише од Конечниот извештај, а забелешките на точките 4.2.3. и 4.4.4. делумно се прифаќаат во функција на дообјаснување и допрецизирање на констатациите.

## 1.Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 20 до 22 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Кисела Вода, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на изворите на капитални средства и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Кисела Вода за 2006 година. Изразеното мислење е со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Кисела Вода под 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум како и мислењето за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Марјан Ѓорчев, градоначалник на Општина Кисела Вода во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Кисела Вода се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2.Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

– финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

– усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки

зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 01.12. до 31.12.2011 година кај Општина Кисела Вода од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.
Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на ден 09.01. 2012 година.
На ден 29.02.2012 година, добиени се забелешки под број 08-1413/1 од 28.02.2012 година по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 30-293/6 од Градоначалникот на Општина Кисела Вода. Забелешките се разгледани и е оценето дека дел од истите претставуваат известување за преземени мерки по дадените препораки кое на соодветен начин е обелоденото во Конечниот извештај а дел од забелешките не се прифатени од причина што не се доставени релевантни докази кои би имале влијание за промена на констатираните состојби. Забелешките на точка 4.4.1.

алинеја 3, поради дополнително доставени докази кои за време на ревизијата не ни беа презентирани се прифатени и констатациите изнесени во алинеја 3 се бришат од Конечниот извештај. Забелешките на точка 4.2.3. и 4.4.4. делумно се прифаќаат во функција на дообјаснување и допрецизирање на констатациите изнесени во оваа точка.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

**4.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека во пракса се воспоставени интерни контроли и контролни постапки кои треба да обезбедат доволно ниво на сигурност и спречат ризик од плаќања по некомплетна и неверодостојна документација, меѓутоа нема пишани процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите.

Во текот на 2011 година изготвени се и донесени пишани процедури за процесот на плаќање поради што не се дава препорака.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Во 2010 година врз основа на одлука на Советот на Општина Кисела Вода и решение од Градоначалникот исплатена е еднократна парична награда на вработените во општината, членовите на Советот на Општината и времено вработените лица. Во одлуката и решението е наведено дека исплатата е поради покажаниот посебен елан, ангажирање и успешност во извршувањето на работните задачи во текот на целата 2010 година. По овој основ вкупно се исплатени средства во износ од 1.610 илјади денари. Исплатата на вработените е извршена без претходно утврдени позитивни резултати од работењето на поодделните вработени и без добиени предлози од надлежните за основаноста на наградата, а за членовите на Советот без постоење законски основ.

Исплатата на парична награда еднакво за сите вработени без доказ за посебно ангажирање и посебен придонес во извршувањето на работата, не е во согласност со одредбите од Законот за државни службеници и Правилникот за начинот и

постапката за оценување на државните службеници, содржината на извештаите и образецот за оценување.
Ефектот од таквото постапување е незаконско и ненаменско трошење на буџетските средства на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Кисела Вода наградувањето на вработените да го врши почитувајќи ги одредбите од соодветните закони со кој е регулиран статусот на истите и по претходно добиени предлози од надлежните за основаноста на наградата, а за членовите на Советот да не исплаќа награди (надоместоци за кои нема законски основ).

4.2.2. Врз основа на Одлуката за извршување на буџетот на Општина Кисела Вода за 2010 година градоначалникот има донесено решение за исплата на надоместок (регрес) за годишен одмор за 2010 година на вработените во Општината. По овој основ на вработените (државни службеници, вработени без статус на државни службеници, на градоначалникот и на вработени преку агенција за времени вработувања) им се исплатени вкупно 1.548 илјади денари (од кој 1.193 илјади денари на редовно вработените и 355 илјади денари за ангажираните преку агенција за времени вработувања).
Исплатата на овој вид надоместок не е во согласност со одредбите од членот 52 став 2 од Законот за државни службеници со кој се регулирани надоместоци на кои имаат право државните службеници, а меѓу кои не е предвидена исплата на надоместок-регрес за годишен одмор и не е во согласност со член 113 од Законот за работни односи, бидејќи не е предвиден како надомест на трошоци поврзани со работа. Исплатите на вработените кои немаат законски основ претставува незаконско трошење на буџетските средства на Општината и доведува до зголемени расходи.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да одобрува исплата на надоместоци на плата, на кои државните службеници и другите вработени имаат право под услови и критериуми утврдени со Закон.

4.2.3. Согласно Законот за буџетите, во рамките на буџетот на Општината се планирани средства за непредвидени случаи како постојана и тековна буџетска резерва, наменети за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидени случаи и програми кои во текот на подготовката

на буџетот не можеле да бидат планирани. Од средствата од резервите на Општина Кисела Вода во текот на 2010 година, исплатени се средства во износ од 604 илјади денари на физички лица и друштва и здруженија за спонзорства, учество на конгреси, спортски натпревари, студии, печатење книги, финансиска помош и друго односно за намени кои можеле да бидат планирани со буџетот на општината. Овие исплати не се во согласност со членот 11 од Законот за буџетите и придонесуваат за незаконско користење на средствата од резервите.

**Препорака:**
Градоначалникот и Советот на Општина Кисела Вода да одобруваат исплата на средства од буџетската резерва во рамки на законски утврдените основи.

4.2.4. За невладини организации, здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати друштва и здруженија и физички лица исплатени се средства во вкупен износ од 1.997 илјади денари. Средствата се доделени за финансирање на активности и плаќање на трошоци за превоз.
Советот на Општина Кисела Вода има донесено Програма за спорт и рекреација за 2010 година, Програма за културни манифестации и творештво за 2010 година и Програма за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита, меѓутоа во истите не е наведена постапката за аплицирање и одлучување по поединечните барања, како и не се дефинирани целите, критериумите, условите за распределба и користење на средствата и за обезбедување на превоз на културно уметничките друштва, односно за обезбедување на автобуски билети за социјално загрозени лица.
Советот на Општина Кисела Вода има донесено Правилник за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош со кој не се утврдени критериумите за доделување на средства на физички лица, друштва и здруженија како и висината на средствата.
Средствата се исплаќани врз основа на поднесени поединечни барања, без објавување на оглас за доделување на средствата. Организациите, односно друштвата и здруженијата не доставиле деловен и финансиски извештај за реализација до надлежните во општината, а на веб страната на општината не се објавени организациите кои ги добиле средствата, како и намената и целта за кои се доделени средствата, што не е во согласност со член 49 од Законот за здруженија и фондации.

**Препорака:**

- Советот на општината да донесе акт со кој поблиску ќе ги уреди условите и критериумите за намената, висината, начинот на распределба и користење на средствата од Буџетот;

- Општината на веб страната да ги објавува организациите кои ги добиле средствата по програми од Буџетот, како и целите за кои се доделени средствата и
- надлежниот орган на општината од организациите кои добиле средства да бара деловен и финансиски извештај за реализација.

4.2.5. Во текот на 2010 година со статус на привремени вработувања ангажирани се лица преку Агенција за привремени вработувања и за таа намена исплатени се средства во вкупен износ од 9.143 илјади денари. Ревизијата утврди дека бројот на лицата ангажирани преку Агенцијата за привремени вработувања во текот на годината е различен (се движи од 26 до 34 лица), ангажирани за извршување работи на работни места предвидени со Правилникот за систематизација како и лица на работно место референт за урбани и месни заедници. Ангажирањето на работници преку Агенцијата за привремени вработувања во Општина Кисела Вода не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за агенции за привремени вработувања, со кој е утврдено дека агенцијата може да отстапи работник на друг работодавач за замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, специфични неконтинуирани работи кој не се дел од претежната дејност и непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот. Ваквото постапување има за ефект непочитување на одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања, намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и нивна повластена положба во постапка на редовно вработување.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината пополнувањето на систематизираните работни места да го врши согласно законски пропишаните процедури.

4.2.6. Во текот на 2010 година по основ на склучени договори на дело исплатени се средства во вкупен износ од 1.767 илјади денари за ангажирање на 36 лица со поединечни месечни договори (бројот на лица ангажирани во текот на годината по месеци е различен) за вршење на јавни работи за одржување на јавни паркови, зелени површини и хигиена во Општина Кисела Вода. Советот на Општина Кисела Вода има донесено Програма за комунални дејности за 2010 година – подпрограма за јавна чистота во рамките на која за одржување на јавна чистота има предвидено средства во износ од 1.500 илјади денари. Меѓутоа нема донесено Програма за јавни работи со која ќе се утврди обемот и видот на јавните работи, постапка и

критериуми за ангажирање на лицата, бројот на лица потребни за извршување на наведените работи, надзор над извршување на работите, висината на месечниот надомест за ангажираните работи, периодот за кој би се ангажирале лицата итн. Општина Кисела Вода за извршување на јавни работи ангажирањето на лица преку договор на дело не го спровела во согласност со членовите 84 и 85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност кој предвидува ангажирање на невработени лица кои се пријавени во Агенцијата за вработување, односно за ангажираните лица општината нема обезбедено потврда од Агенцијата дека станува збор за невработени лица.

Ваквото постапување придонело за ангажирање на лица по основ на договор за дело што не е во согласност со законската регулатива и до незаконско користење на буџетските средства.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, одговорното лице на субјектот постапило по дадената препорака односно изготвен е Проект за работно ангажирање на невработени лица преку организирање јавни работи на територијата на Општина Кисела Вода бр.44-1313/1 од 23.02.2012 година.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Пописот на обврските, материјалите на залиха и ситниот инвентар во Општина Кисела Вода не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници:

- не е извршен попис на обврските во согласност со членот 31-в од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно не е утврдена правната основа за постоење на обврските, како и причините за неплатените обврски спрема добавувачите;
- извршениот попис на материјалите и ситниот инвентар за 2010 година не е во согласност со членот 31-а од Правилникот. Од страна на пописната комисија извршен е само физички попис односно утврдување на состојбата на материјалите и ситниот инвентар на лице место и во пописните листи каде што се наведени само називите на средствата и количината без да се внесе состојбата од сметководство, вредноста и евентуалните разлики, кусоци или вишоци.

Неизвршувањето на пописот согласно законската регулатива создава ризик од нецелосно евидентирање на обврските, материјалите и ситниот инвентар и нереално искажување на билансните позиции, како и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, завршен е редовниот попис за 2011 година за што е доставен Извештај од Комисијата за попис заведен под број 04-685/1 од 01.02.2012 година од кој може да се утврди дека пописот на ситниот инвентар и материјалите е извршен во согласност со член 31-а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Што се однесува до пописот на обврските не е дадена спецификација на обврските од која може да се утврди дали е утврдена правната основа за постоење на обврските и старосната структура.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да донесе интерен акт со кој ќе се утврди начинот и постапката за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

4.3.2. Позицијата Постојани средства во Билансот на состојбата е проценета на износ од 1.353.659 илјади денари на оваа позиција се евидентирани и:

- евидентирано е земјиште во износ од 32.199 илјади денари. Во текот на ревизијата, од Агенцијата за катастар на Република Македонија добиени се имотни листи, кои се дадени на увид на ревизијата и според податоците од истите, Општина Кисела Вода нема во сопственост земјиште. Тоа од причина што земјиштето е сопственост и припаѓа на Република Македонија, кое е наведено и во имотните листи и
- евидентирана е станбен простор со вредност во износ од 1.952 илјади денари, а на основа на податоци од имотен лист од 2008 година за поседување на станбен простор. На ревизијата не и е презентиран документ за движење на сопственоста за станбениот простор поради што за време на ревизијата побарани се податоци од Агенцијата за катастар на недвижности. Според добиените податоци од Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, содржани во допис од 2011 година, Општина Кисела Вода не располага, односно нема во сопственост стамбен простор со површина од 32м2 која сопственост била запишана во имотен лист на Општина Кисела Вода, кој целосно се поништува.
- на сметката Градежни објекти, покрај градежните објекти на општината е евидентирана и вредноста на градежните објекти на основните училишта и градинките кои се наоѓаат на територијата на Општина Кисела Вода. Согласно Одлуки на Владата на Република Македонија е извршено пренесување на основачките права и обврски над постојните основни

училишта и установи за згрижување на деца на општините и на општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите. На основа тоа од комисија на општината извршена е проценка на вредноста на овие објекти на износ од 859.771 илјада денари кои во 2008 година се евидентирани во сметководственета евиденција на општината. Истовремено овие објекти се евидентирани и во сметководствената евиденција кај секое од училиштата и градинките, поради што постои двојно евидентирање на исти објекти.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, Советот на општината има донесено Одлука број 07-1201/9 од 28.02.2012 година за отпис на материјални средства и побараувања на предлог на градоначалникот. Одлуката е операционализирана за што е доставен налог 0002 од 31.12.2011 година со кој е извршен отпис на градежно земјиште и станбен простор со вкупен износ од 34.439 илјади денари, исто така во прилог на забелешките се доставени и налози за книжење со дата од 2012 година со кои е извршено сторнирање на дупло евидентираните состојби на градежните објекти кај училиштата и градинките.

4.3.3. На сметката Инвестиции во тек со состојба на 31.12.2010 година е евидентирана вредност од 36.119 илјади денари, која состојба потекнува од претходни години. Од надлежните во општината е побарано да се утврди реалната состојба на евидентираните објекти на оваа сметка и да се презентираат документи дали истите се ставени во употреба, односно завршени, со што би се евидентирале и на соодветните сметки. Од надлежните не се добиени документи дали објектите се завршени и ставени во функција, со што ревизијата се увери дека не се следи состојбата на овие објекти што може да придонесе за нереално прикажани состојба на оваа позиција.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, надлежните служби постапиле по дадената препорака и врз основа на веродостојна документација извршиле прекнижување од инвестиции во тек на материјални средства за што е доставен налог за книжење број 0059 од 31.12.2011 година на вкупен износ од 11.436 илјади денари.

### 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

Од извршениот увид во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди не применување на одредбите од Законот за јавни набавки и под законските акти од областа на јавните набавки поради следното:

4.4.1. Кај постапките со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, чија вкупната вредност на склучените договори изнесува 11.356 илјади денари, утврдени се следните неправилности:

- не е изготвена поедноставена тендерска документација што не е во согласност со член 101 од Законот за јавни набавки;
- барањата за прибирање на понуди не се доставуваат до понудувачите, истите се поканувaат усно/телефонски, поради што ревизијата не се увери во примената на законскиот рок од 8 дена за прибирање на понуди. Истовремено, по извршената евалуација во која како критериум за избор единствено е цената, не се доставувани известувања за извршениот избор, со што на економските оператори учесници во постапката им е нарушено правото на жалба. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 100 став 3 и 5 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки;
- кај дел од спроведените постапки, вредноста на склучените договори ја надминува вредноста на понудата за вкупен износ од 403 илјади денари, додека исплатата е надмината за износ од 115 илјади денари;
- во три случаи кај организирање на Етно фолк фестивал и Детски фестивал „Три Круши„ како и озвучување на културни манифестации, склучени се договори со физички лица кои немаат регистрирана дејност што не е во согласност со член 145 од Законот за јавни набавки;

Непримената на законските одредби за конкретниот вид на постапка за јавна набавка, овозможила вршење на набавка за предмети за кои не се утврдени технички спецификации, ниту потребни количини, непримена на одредбите за доставување барање за прибирање на понуди до економските оператори како и известување за извршен избор и нарушување на принципот на транспарентност и конкурентност на постапките за јавни набавки.

**Препорака:**
Секторот за јавни набавки да ги применува законските одредби во поглед на:

- изготвување на поедноставена тендерска документација која задолжително содржи технички спецификации на предметот на договорот за јавна набавка како и потребните количини на набавката;
- изготвување на писмени барања за прибирање на понуди како и доставување на известувања за извршен избор на најповолен понудувач со доказ за доставата;

- вредноста на склучените договори да е во согласност со избраната најповолна понуда;
- спроведување на постапка за јавна набавка во која како економски оператори ќе учествуваат физички, правни лица или група на лица регистрирани за реализација на соодветната набавка.

4.4.2. Кај спроведената ограничена постапка бр. 01/2010, утврдени се следните неправилности:

- во објавата на огласот во Службен весник на Република Македонија и Бирото за јавни набавки наведено е дека за предметната набавка ќе се склучи рамковна спогодба со повеќе економски оператори. При евалуацијата на првата фаза не е склучена рамковна спогодба со квалификуваните понудувачи, што не е во согласност со самата објава на огласот. Исто така не е наведен минималниот број на кандидати што општината има намера да ги избере, што не е во согласност со член 71 од Законот за јавни набавки, односно како минимален број наведено е дека ќе се склучи рамковна спогодба со повеќе економски оператори;
- извршен е избор на квалификувани понудувачи по позиции од А - Ѕ, но при втората фаза на прибирање на финансиски понуди не се доставувани понуди до сите квалификувани понудувачи, што не е во согласност со член 73 став 3;
- не е почитуван законскиот рок за доставување на понуди во втората фаза на ограничената постапка, што не е во согласност со член 76;
- не се јасно и транспарентно наведени сите критериуми кои се бодираат, додека при практичната евалуација бодирани се единствено цена, рок на изведба и рок на плаќање, а за останатите елементи доделувани се еднаков број на бодови на сите понудувачи;
- на позицијата Б реконструкција на улица, склучен е договор со избраниот најповолен понудувач во јуни 2010 година. Поради невоведување во работа, а имајќи го во предвид рокот на траење на договорот (12 месеци), овој понудувач се откажува од договорот во јуни 2011 година, поради што склучен е договор со второрангираниот понудувач во јуни 2011 година.
- за позицијата Б изградба на фудбалско игралиште во Драчево, при евалуацијата на избраниот најповолен понудувач доделени се бодови за рок на извршување на работите иако овој економски оператор во својата понуда не наведува рок, односно како рок на изградба наведува по динамика на договорниот орган;
- за позицијата В изведба на секундарен вреловод на локалитет Расадник кон топлификациски системи, понудата на избраниот најповолен

понудувач изнесува 1.688 илјади, а евалуацијата е вршена и склучен е договор на износ од 1.868 илјади денари;

- за позицијата Г изградба и одржување на паркови и јавни зелени површини на територија на Општина Кисела Вода, за најповолен понудувач избран е со решение вторoрангираниот понудувач;
- за позицијата Д одржување и реконструкција на улично осветлување на територија на Општина Кисела Вода, избрана е понуда на економски оператор, која е евалуирана за 100 илјади денари помалку од вистинската цена која ја понудил овој економски оператор, поради што понудата е избрана за најповолна и склучен е договор со економскиот оператор. Истовремено склучен е и договор со фактички најповолниот економски оператор. Вредноста на првиот договор по единечни цени изнесува 247 илјади денари, а на вториот договор изнесува 185 илјади денари;
- за позицијата З стручен надзор за изведба на секундарен вреловод на локалитет Расадник кон топлификациски системи при евалуацијата на избраниот најповолен понудувач во делот за цена доделени се 2 поени повеќе од фактичката состојба;
- за позицијата З стручен надзор за изработка на заштитен потпорен ѕид во населба Припор понудата на еден од понудувачите е корегирана без доказ (потпис, печат на корекцијата) дека истото е извршено од понудувачот;
- за позицијата Ѕ реконструкција и санација на деловни објекти на територијата на Општина Кисела Вода, истовремено склучени се два договори со двата економски оператори кои учествувале со понуди за оваа позиција. За едниот економски оператор, склучениот договор е на вкупен износ од 778 илјади денари, иако понудата гласи на цени по единечни количини и изнесува 105 илјади денари, а тендерската документација не содржи потребни количини на набавката а реализиран е договорот со прво рангираниот економски оператор.

**Препорака:**

Секторот за јавни набавки да ги применува законските одредби во поглед на:

- примена на условите објавени во огласот на постапката;
- примена на законските одредби во поглед на спроведување на ограничена постапка;
- критериумите за бодирање, јасно и транспарентно да се објават за секој поединечно, со што ќе се овозможи почитување на принципот на конкурентност, еднаков третман и недискриминација на економските оператори.

4.4.3. Кај спроведената отворена постапка бр. 17/2009, изградба на канализација во населба Драчево за потребите на Општина Кисела Вода, утврдени се следните неправилности:

- не се јасно и транспарентно наведени критериумите, што не е во согласност со член 161 став 4. При практичната евалуација цената, рок на изработка и начинот и рокот на плаќање, бодирани се според формулата согласно Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови, а за останатите елементи видно од евалуацијата бодирањето е нетранспарентно и нееднакво на економските оператори;
- склучен е Анекс на основниот договор во законските рамки на 30% како износ за кој може да се зголеми основниот договор, но истиот не е оправдан со образложение за причините, односно потребата за зголемувањето на износот и не е спроведена постапка, што не е во согласност со член 99 од законот.

**Препорака:**

Секторот за јавни набавки да ги применува законските одредби во поглед на:

- јасна и транспарентна објава на критериумите за бодирање за секој поединечно, со што ќе се овозможи почитување на принципот на конкурентност, еднаков третман и недискриминација на економските оператори;
- во случај на оправдана потреба за зголемување на вредноста на основниот договор спроведување на постапка согласно член 99.

4.4.4. Кај спроведената отворена постапка бр. 06/2009, изработка на патеки, тротоари, скверови и паркинзи (од павер елементи, бехатон и асфалт) на територијата на Општина Кисела Вода, учесници во постапката се 11 економски оператори. Согласно тендерската документација критериум за доделување на договорот е економски најповолна понуда. Во тендерската документацијата договорниот орган не објаснил како ќе ги вреднува и применува елементите на критериумот економски најповолна понуда што не е во согласност со член 161 став 4 од Законот за јавни набавки. Ваквата тендерска документација овозможила евалуација и доделување на бодови на нетранспарентен начин освен за цена.

Во текот на постапката, до Државната Комисија за жалби по јавни набавки доставени се жалби од двајца понудувачи кои се со пониска цена од избраниот најповолен понудувач но поради нетранспарентноста на евалуацијата истите се со помалку бодови од избраниот понудувач. Постапувајќи по жалбите Општина Кисела Вода го укинала решението за избор на најповолен економски оператор и извршила повторна евалуација, поради што и Државната Комисија за жалби по

јавни набавки со заклучок ја прекинала постапката. При повторената евалуација поради слабостите во тендерската документација односно без дадено објаснување како ќе ги вреднува и применува елементите на критериумот економски најповолна понуда при евалуација на останатите елементи освен елементот цена постапувано е нетранспарентно. Избран е најповолен понудувач и Решението за избор од повторената евалуација е доставено до понудувачите кои учествувале во постапката. Жалби не се изјавени, но доставен е допис од прворангираниот дека се откажува од добиениот тендер и е склучен договор со второнагираниот на износ од 20.850 илјади денари.

4.4.5. Спроведена е отворена постапка бр. 09/2009, за изградба и реконструкција и санација на водоводна, примарна и секундарна мрежа и изградба и реконструкција на фекална и атмосферска канализација на територија на Општина Кисела Вода. Утврдени се критериуми за евалуација на економски најповолна понуда за кои не е дадено објаснување во тендерската документација како ќе се вреднуваат и применуваат елементите на критериумот економски најповолна понуда, што не е во согласност со член 161 од Законот за јавни набавки. Ваквата евалуација овозможила доделување на бодови на нетранспарентен и неконкурентен начин.

**Препорака:**
Секторот за јавни набавки да ги применува законските одредби во поглед на јасна и транспарентна објава на критериумите за бодирање за секој поединечен елемент од критериумот (подкритериум), со што ќе се овозможи почитување на принципот на конкурентност, еднаков третман и недискриминација на економските оператори.

4.4.6. Општина Кисела Вода во текот на 2010 година има направено обврски во вкупен износ од 3.459 илјади денари за набавка на услуги без да спроведе соодветна постапка за јавна набавка. Набавката на услугите е регулирана со склучени анекси во 2009 година (кон основните договори од 2008 година) кои предвидуваат само продолжување на рокот на договорите се до избирање на нови оператори со спроведување на постапка за доделување на Договор за јавни набавки, што не е во согласност со одредбите од член 99 точка 4 Законот за јавни набавки (Прилог 4).

**Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања во Билансот на состојба**

Во 2010 година пресметана е амортизација и ревалоризација за 2009 и 2010 година. Во врска со пресметката на амортизацијата за 2009 и 2010 година извршена е погрешна примена на пропишаните стапки поради тоа е пресметана амортизација во износ од 58.289 илјади денари на кој е пресметана ревалоризација во износ од 9.304 илјади денари. Во текот на ревизијата извршена е повторна пресметка со примена на стапките за амортизација пропишани со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници со што е добиен износ на амортизација од 34.687 илјади денари. На овој износ извршена е нова пресметка на ревалоризација со што наместо претходно пресметаниот износ, пресметан е износ од 5.846 илјади денари.
За разликата на пресметаната амортизација и ревалоризацијата надлежните од сметководството на општината извршија корекција во текот на ревизијата, со што вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизија врз Билансот на состојба е зголемување на вкупната актива и пасива за 27.060 илјади денари, од кој по основ на амортизација износ од 23.602 илјади денари и по основ на ревалоризација на амортизацијата износ од 3.458 илјади денари.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 4.3.2. во сметководството и во Билансот на состојба за 2010 година е искажана состојба на материјалните средства во поголем износ од 34.151 илјади денари.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Кисела Вода на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Кисела Вода, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 05.04.2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 213.501 | 188.807 |
| **Вкупно приходи** | | **213.501** | **188.807** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 40.831 | 37.626 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 1.103 | 522 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 55.524 | 51.657 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 18.768 | 11.686 |
| Социјални бенефиции | | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **116.226** | **101.491** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **97.275** | **87.316** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **213.501** | **188.807** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2010 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.1. | 112 | 112 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 26 | 31 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 69.442 | 57.303 |
| Залихи | 4.1.4. | 752 | 1.932 |
| **Вкупно тековни средства** | | **70.332** | **59.378** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 1.803 | 1.901 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.2. | 32.199 | 32.199 |
| Материјални средства | 4.2.3. | 1.283.538 | 1.143.475 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.4. | 36.119 | 36.119 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.353.659** | **1.213.694** |
| **Вкупна актива** | | **1.423.991** | **1.273.072** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 65.653 | 54.069 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 825 | 708 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 68 | 60 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 2.912 | 2.482 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 38.044 | 38.147 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **107.502** | **95.466** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 1.316.489 | 1.177.606 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.316.489** | **1.177.606** |
| **Вкупна пасива** | | **1.423.991** | **1.273.072** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **1.175.674** | **1.932** | **1.177.606** |
| **Зголемување по основ на:** | | | |
| Набавки | 51.520 | 2.879 | **54.399** |
| Ревалоризација на капитални средства | 129.075 | | **129.075** |
| **Намалување по основ на:** | | | |
| Материјали и ситен инвентар дадени во употреба | | 4.059 | **4.059** |
| Амортизација | 34.686 | | **34.686** |
| Ревалоризација на амортизацијата | 5.846 | | **5.846** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **1.315.737** | **752** | **1.316.489** |